СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јуни 1996 година

Скопје, јуни 1996 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 49 ( ЧЕТИРИЕСЕТ И ДЕВЕТАТА ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 27.VI. 1996 год.**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН - 72, 73
2. АБДИ ФАИК - 37, 41
3. АРСОВСКИ БРАНКО - 121
4. ВЕЛКОВСКИ ТИХОМИР -51, 55, 70 (р.суд.совет)
5 ГОШЕВ ТУШЕ - 68
6. КАРОВ ЗВОНКО - 64, 65
7. КОВАЧЕВСКИ СТОЈЧЕ - 42
8. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 4, 44, 48, 175
9. КАДРИУ ЗЕЌИР - 8, 11.
10. ЛАЗАРОВ ЈОВАН – 23
11. МИНОВ ПАНЧО – 13, 18, 131, 132.
12. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 60, 62.
13. НАСТОСКИ ДИМЧЕ - 20, 47
14. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 22
15. ОСМАНИ РУФИ - 27
16. ПЕТКОВСКИ ТИТО -1..(води седн.)
17. РАМАДАНИ САЛИ - 41, 43, 54, 55, 58, 61
18. РАМАДАНИ ХИСЕН - 25, 62
19. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 25, 62
20. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 2, 36, 48, 138
21. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА - 33
22. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈ - 50
23. ТОДОРОВСКИ ЖИВКО 421 -(Прозива)
24. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР - 49
25. ХАСИПИ ЌЕНАН – 30, 33, 67
26. ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ - 56 (води седн.)

Дневен ред:-стр-1

Т.8стр-1.(Предл.одлука за разр.и именув.Ген.дирек.на МРТ)

Т.-9-стр49;-Разр.суд.во Кума.

Т.10-стр.54-Изб.на Прет.на Апелацион.суд во Скопје,Битола и Штип.

Т.11. стр.- 58- Избор на Судии во Основните судови во РМ

75 стр.почн.гласањето.

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од првото продолжение на Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јуни 1996 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа со Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Атанас Вангелов,Никола Г. Поповски, Симон Наумовски, Димитрија Поповски и Марјан Котлар ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Преминуваме на **Осмата точка** - Предлог на одлука за разрешување и именување на генерален директор на Радио дифузното претпријатие Македонска радио телевизија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Владимир Станковски.

I/2.-ЛП/ОМ

Г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани членови на Советот, денес треба да расправаме односно да се одлучи дали директорот на Македонската радио телевизија треба да оди или треба да остане. Имајќи ги предвид силите и машинеријата која е во Парламентот, веројатно дека одлуката ќе биде да оди.

Меѓутоа, што треба да се каже?

Начинот на кој тоа е направено и формата далеку е од демократските процеси и односи кои владеат во демократските земји. Начинот ме потсетува и го има вкусот на времето на 50-тите години. Тогаш бев веројатно на 10-15 години и точно можам да насетам како се сменуваа директори, како се поставуваа, како луѓето одеа во затвори, како излегуваа од затвори - сето тоа ме потсетува на тие години. Ве молам, ние како демократска земја треба да се определиме за луѓе кои ќе водат национални куќи или државни претпријатија кои треба да бидат силни личности и силни менаџери.

Каква одлука донесуваме со ова?

Ние фактички донесуваме одлука директорот кој успешно ја водеше куќата, кој во ова тешко време се бореше со сите проблеми во нашата држава, а кои произлегуваат од неспособноста на Владата да ги реши основните проблеми, сега треба да го смениме. Дали Владата обезбеди преку законската регулатива услови директорот да биде уште поуспешен во својата работа, дали обезбеди закон за радио-дифузија, дали обезбеди закон за телекомуникации и низа закони кои требаше да бидат рамка и основ како треба таа куќа да се организира и кои ќе бидат нејзините главни цели.

Сметам дека во ова тешко време директорот на Македонска та телевизија совесно и одговорно ја вршеше својата функција и оваа одлука овде што треба да падне е една неправда. Неправда за тоа што повеќе се брка политиката отколку стручноста.

Посебно загрижува начинот на кој тоа се изведува. се оневозможува да биде присутен, формата која е без интерпелација,преку собраниска комисија, се оневозможува директорот да дојде и да го каже својот став и што мисли за тоа. На крајот на краиштата, имаше право на одбрана за тоа. Тоа е личност, тоа е по мое мислење во првиот круг на луѓе кои се во државните претпријатија или државните фирми. Мислам дека преку интерпелација требаше да се даде можност да каже што мисли, што можела да направи, што не можела да направи г-ѓа Корнет Ова преку комисија, се оневозможува тоа и се остава еднострано да се донесе одлука, знаеме каква одлука, во секој случај политичка одлука. Господа, да се присетиме дека сепак , покрај тоа што се директори, се и личности, тоа се луѓе кои се афирмирани. Ние добро се сеќаваме дека г-ѓа Корнети многу успешно ја водеше Македонската филхармонија. Таа е личност и требаше да се дозволи да се искаже што направила и што не направила и која е нејзината концепција. Сметам дека со ваков на- чин наделување и како Парламент и воопшто треба да се престане и мисла дека ако не се престане ние се повеќе ќе навлегуваме во калта и ќе се враќаме во старите времиња. Ве молам, јас сум еден од тие кои ќе бидам против тоа, ќе гласам против, веројатно и целата пратеничка група на Либералната партија, меѓутоа искрено сметам дека со вакви да ги наречам "процеси" , вакви сечења на глави се недозволиви. Ваков начин на делување дури и во 50-те години не бил како преседант.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Аце Коцевски.

I/4.-

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и госпдоа,- Ви се обраќам по оваа точка од дневниот ред, однапред знаејќи дека сето тоа што ќе го кажам воопшто вам ништо нема да Ви значи, затоа што однапред се знае исходот од гласањето. меѓутоа, чувствувам морална обврска да го изнесам она за што се залагав во Комисијата за прашањата на избори те и именувањата, за да ги дознае и пошироката јавност вистинските аргументи за тоа што се предвидува да се направи, а и заради стенограмите и трагата што треба да остане во работата на Собранието како највисок законодавен дом во Република Македонија.

Прво, во врска со постапката, многу збунува начинот на кој се обидувате да ја направите оваа кадровска промена, многу невообичаен. Не знам што толку ве мотивираше тоа да го направите, што се вели "преку ноќ" , со интервентно поставување на таква точка на дневен ред на Матичната комисија за прашањата на изборите и именувањата, како да нешто толку страшно ќе се случи за неколку дена во МРТВ, па морате така на брзина, без нормална вообичаена постапка согласно Деловникот за работа на Собранието,како што доликува да се изведе постапката до крај.

Исто така, и покрај моите упорни барања на два наврати, не добив аргументирано образложение не само за итноста туку и за аргументите кои се нудат во врска со Предлогот аз разрешување на генералниот директор на МРТВ. Во недостаток на аргументи се употребуваат образложенија за неповолните состојби во МРТВ, нискиот процент на наплата на ТВ претплатата од страна на граѓаните спрема МРТВ и со една многу чудно конструирана формулација за незадоволството на граѓаните од состојбата во МРТВ, без притоа да се наведе ниеден извор,

ниедна анализа, ниедно истражување кој го правел, по чија нарачка го правел и со која цел го правел, без притоа воопшто да не се навлезе во суштината на причините за вистинските состојби во МРТВ, кои се пред се како резултат на непсотоењето на нови закони кои во целина би ја регулирале областа на Радио-дифузијата во Република Македонија, областа на телекомуникациите, областа на финансирањето на јавната радио-дифузна режа во РМ и пред се непостоење на национална стратегија во област; на информирањето, што во секој случај до крајни граници ги усложни условите на работењето, а со тоа и нормалното емитување на сите програми од оваа куќа.

Сета вина за ваквите состојби сакате да ја фрлите на генералниот директор на МРТВ, а притоа заборавате дека за сите овие работи што претходни ги наведов за недонесувањето на законската регулатива која би требало да биде прв предуслов за менување во позитивна смисла на состојбите во оваа област и за непостоењето на национална стратегија, пред се, вината ја сноси Владата на РМ и Собранието како највисок законодавен дом, затоа што е срамотно за сите нас, и покрај тоа што Македонија влезе во 6-та година од својата самостојност, сеуште ги немаме донесено овие клучни закони, иако земјите со сличен развој како Македонија, како на пример Словенија и Хрватска, го направија многу порано уште 1990-1991 година, а Унгарија веќе во два три наврати ја менуваше на подобро соодветната законска регулатива.

Ја обвинувате за недоволниот процент на наплата од страна на корисниците на Радио и телевизиските приемници, без притоа многу реално да ја согледате вистинската состојба зошто е тоа така. Дали е тоа затоа што генералниот директор не ја водел добро политиката, или затоа што е таква социјалната состојба во државата, па голем број на граѓани

не се во состојба навистина да ја остваруваат таквата своја обврска. А и да е така, како што велите, дека за тоа е виновен генералниот директор, тогаш Владата на Република Македонија по итна постапка треба да си поднесе оставка поради празниот буџет и поради ваквите алармантни состојби не само во социјалната и економската сфера во државата туку и поради застојот на демократските процеси во Република Македонија. Ако веќе сте толку принципиелни и се борите за некаква одговорност, Ве молам да не применувате селективни принципи како што на Вас Ви одговара, туку да бидете принципиелни и доследни и за таа работа секаде да се залагате да се применува реални и адекватно.

Исто така, би сакал да Ве потсетам дека пред да падне одлуката во пратеничката група на СДСМ односно во Владата на Република Македонија за разрешување на генералниот директор на МРТВ, што требаше да се направи по една логична постапка преку неусвојување на Извештајот за работата на МРТВ во 1995 година, претходно Комисијата за политички систем, во која мнозинството го имаат пратениците од парламетнарното мнозинство, ги има констатирано следното. Ќе ми дозволите да го цитирам.

"Комисијата констатира дека и покрај сложените услови и тешката финансиска состојба, МРТВ успешно работела во извештајниот период и тоа треба да се оцени позитивно, зголемено е времетраењето на одделни програми, особено кај програмите на националностите, МРТВ опстои на определбата за независен медиум со крајни усилби ги одржа во функција опремата, предавателите и врските, но би требало да се усмерат усилбите за што поголем квалитет, да се изгради модел на целосно задоволување на плурализмот, интересите на граѓаните, а вкупниот број на вработените да се преиспита и сообрази по европскиот

терк, но во опрема која би соодветствувала на европското ниво". Меѓутоа, за Вас, за тоа што претходно Владата донела таков став, воопшто не беше важно мислењето на Комисијата за политички систем, воопшто не Ви е важно тоа што при расправата по Извештајот за работата на МРТВ во минатата година воопшто не беше изнесен ниту еден, макар еден аргумент кој би одел во корист на тоа дека треба да биде разрешен генералниот директор на МРТВ и да биде етикетиран како единствен виновник за ваквите состојби, што значи дека ова што сакате да го направите е крајно некоректно, со тенденција да остави белег во работата на највисокиот законодавен дом во Република Македонија и што мириса на едни дамнешни времиња, не така блиски, на крајот од распадот на Сојузот на комунистите на Македонија и Југославија, туку многу порано од времето на Комунистичката партија на Македонија.

Исто така, би сакал да Ви кажам дека г-ѓата Корнети на функцијата генерален дирекот на МРТВ беше избрана како реномиран и успешен новинар, добитник на највисоките новинарски награди кои се доделуваат во РМ и како успешен директор на една национална институција како што е Македонската филхармонија и поради тоа Ве молам да држите малку до некои основни принципи на работење кои би требало да значат заштита на интегритетот на личноста, затоа што РМ е премногу мала земја која нема многу способни кадри кои би требало туку така без никаква аргументација да дозволиме да .бидат жртвувани.

Исто така би сакал на крајот да кажам дека во текот на периодот во кој г-ѓата Корнети ја водеше МРТВ, МРТВ беше зачленета во Европската радио-дифузна унија и во тој период, благодарение на нејзиното партиципирање, МРТВ стекна голем углед на меѓународен план како во соседните држави, така и во сите радио-дифузни организации кои се членки на оваа радио-дифузна организација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Зеќир Кадриу.

**ЗЕЌИР КАДРИУ**:

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, ќе инсистирам не некој начин да го кажам моето мислење и исто така мислењето на мојата пратеничка група во врска со разрешувањето на генералниот директор на МРТВ.

На два наврати на седницата на Комисијата инсистирав да го кажам моето мислење. Гледам на некој начин за оваа работа инсистираат да се оди кон едно партиско и политичко убедување. Јас и тогаш бев со мислење дека со вакви форми и методи ние не ќе може да направиме чекор напред, туку треба во една друга форма да ги толкуваме работите, за да можеме да имаме подобри успеси во сите области, а не само во оваа организација.

Исто така ќе инсистирам во овој наврат да го кажам своето мислење во врска со работата на оваа организација и од порано. Со ова не сакам да ја критикувам само личноста дека ете сега треба да се смени, но во некој поглед сакам да кажам и некои други мислења што е од важен интерес. Мислам дека во целина сега треба да Констатираме дека во суштина треба да менуваме некои битни работи што се важни во врска со оваа институција.

Прво,ќе кажам дека тука се зафативме со Извештајот односно Информацијата што беше и што не била прифатена од страна на пратениците и во некои други наврати кобајаги професионалната работа и енки други работи не беа како што треба во тек. Јас мислам дека малку има аргументи за да се утврди дека навистина е така, дека рако-водството, конкретно директорката треба да се смени само заради тоа

што работите не тргнале како што треба во оваа организација. Мислам дека од овој аспект треба да имаме подлабоки и потврди аргументи, за да можеме да разрешиме еден директор кој по мое мислење мислам дека е од најважните кадри што ги има Република Македонија и мислам дека кога беше избрана сите тврдевме дека овој кадар ни треба и дека имало резултати и во поранешните резултати каде што работела.

Јас мислам дека на еден ваков растеж на Македонија може да и позавидат многу други држави и многу други земји од многу причини, а конкретно би рекол дека ние треба д а тргнуваме од една гледна точка од економскиот аспект. Дури би рекол дека овој зафат не ни дава за право да Констатирам дека толку е малограѓански , дури и повеќе од тоа, ако се има предвид фактот дека една таква да кажам и мамутска информација, како што беше на оваа куќа, претставува голем товар за едно мало општество како што е Република Македонија. И неслучајно го кажувам зборот мегаломански зафат. Прво се прашувам дали има во некоја друга држава, да кажеме од соседните, па дури би рекол и во Европа, телевизија со една таква огромна односно екстравагантна зграда. Колку ми е познато, дури и во најразвијните земји во светот нема толкав гигант како што е оваа зграда и со еден одреден број работници и тие работници во одредено време дали би можеле, само со тие работници што треба да ја чистат таа зграда, само тие работници што треба да работат технички работи во таа зграда, дали би можела оваа држава да ги трпи и сноси.

Второ, зарем не е мегаломански зафат да има три програми, прва, програма, втора програма, трета програма. Сите сме сведоци дека има толку програми. Има ли Македонија од еден ваков луксуз кој паѓа на грбот на нашиот човек кој одвај може да преживее. Во еден ваков луксуз не се впуштаат ниту другите држави што се посили и во тој контекст треба да мислиме и ние.

I/10.-

Имајќи на располагање еден таков голем простор и време за емитување, се создаде едно големо повторување на теми и личности кои дефилираат од една на друга програма, кои се реализираат со дебели средства. Зарем не е преголем луксуз за раководството на оваа куќа централниот дневник што се емитува во 19,30 часот да се емитува со години во исто време и на првата и на втората програма и ред друг да кажам банални работи.

Во овој контекст, би се прашал во која мерка се остварува националната рамноправност во севкупната програма на оваа информативна куќа. Од самата споредба на податоците што се изнесуваат во тој Извештај, очигледно е присутна дискриминација, дискриминаторска политика што се води кон националностите.

**ЗЕЌИР КАДРИУ** (Продолжение)

Во Програмската шема на оваа Куќа тие се присутни сосема симболично. Оваа констатација ќе ја поткрепам со конкретни податоци:

Прво, како може од две илјади вработени во оваа Куќа за Програмата на албански јазик и во Радко и во Телевизија да има само околу 50 души албанци и не случајно овој податок го нема ниту во Извештајот. Значи, од тие две илјади македонци 50 се вработени, тие сигурно се албанци, може и од други националности.

Согласно со тоа јас мислам дека таа цифра од 2,5% е сосема мала и битно треба да се промени.

Зарем ова не е дискриминација, би рекол исто така, кога се има во предвид дека албанците во Македонија несебично го помагале растежот на ова Куќа и тоа можам да го тврдам во многу наврати.

Второ, на трите канали на МТВ дневно се емитува сега 18 0 минути а порано 30 минути. Ако ги распоредам со програмите на македонски јазик, сигурно би излегла една голема дистанца. Тоа, господа, изнесува неполни 5% програма на албански јазик, а кога на ова ќе се додаде дека тие 180 минути дневно се наметнуваат од страна на дирекцијата програма што не се прифаќа од Редакцијата и од албанците и е присутно со преведување на разни програмски отпадоци на бившите социјалистички земји, тоа е повеќе од понижувачко однесување кон тие националноста а посебно кон албанците.

Во конкретниов случај бараме достоинството да биде прифатено и опфатено во таа програма. Програмата да биде изградена според потребите, интересите и стремежите на нашите интереси, конкретно и на албанците а ако некој сака да прави експерименти или да врши некои

провокации со една популација ,што се знае дека постои околу 40% во Републиката, времето ќе каже дека тоа треба да престане како такво и на еден начин да не ја игра таа улога што ја играше и порано.

Програмата на албански јазик, без туторство би рекол ќе ја креираат луѓето кои работат во таа Куќа, конкретно албанците, и другите кои имаат еден дел од таа програма. Од друга страна ние бараме најобјективно да биде присутна во таа Редакција програмата на албански јазик да биде зголемена според националната структура на албанците и македонците. Секо друго решение за нас ќе биде неприфатливо, особено по доделената помош за што сите сме сведоци дека е добиена од Данска и Швајцарија, владите, со цел да се прошири програмата на албански јазик, па и на другите националности.

Трето, би рекол Редакцијата на албански јазик да се трансформира во програма и да го најде своето место каде треба и каде следува. Не е познато, никаде ниту во светот ни тука не треба да биде таков модел во една Редакција каде се подготвува програма со разни жанрови, на пример дневни, музика, документарна програма, земјоделска и сл. да се стави во еден таканаречен сендвич за информирање и да се преведуваат програмите од македонски на други јазици па тоа да биде само една преведувана програма а никогаш оригинал како што треба и како што следува.

Затоа, дури и на самиот одговорен уредник што беше порано поставен од страна на Дирекцијата не му се верувало макар да потпише и еден патен налог за да направи програма, да оди некаде слободно и да може таа програма да биде сама и формирана и креирана како што треба на професионална база.

Четврто, околу 330 илјади претплатници, тврдам уште еднаш бидејќи некои од пратениците спомна, на МТВ, сите знаеме дека албанците учествуваат со 100 илјади претплатници. Значи, за жал, тие

против својата желба финансираат програма што не ги задоволува нивните интереси и нивните информативни, културни, забавни па и животни потреби со таа маргинална минутажа на емисиите на албански јазик. Јас мислам дека во овој правец треба да правиме чекори.

На крајот би рекол уште ова дека без оглед што ние како што знам и порано, ќе се менува, ќе дојде друг човек во оваа куќа, ние мора некои работи да ги гледаме поотворено, да тргнеме кон тоа оваа куќа професионално да ги обавува работите а не да се диктира од страна на политиката што, по мое мислење, се води од пратениците на власт.

Сосема на крајот би рекол, без разлика што ние ќе бидеме надгласани, ако сакаме да имаме добар и здрав човек во оваа Куќа мораме да ги гледаме условите и да ги почитуваме сите меѓународни права во поглед на информирањето. Инаку, со вакви трендови само да ги смениме, заради тоа што не е претставник од таа партија што е на власт, мислам дека не е во ред и нема да придонесе за демократијата во РМ.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Морам најпрво да кажам дека се јавувам за збор по оваа точка од дневниот ред со големо разочарување како член на овој законодавен дом и како пратеник кој, ете, ќе учествува во дискусија покрената од колеги на Собранието на кое сум и јас член и која ме враќа повторно во еден временски период на политички егзекуции и кои го девалвираат авторитетот и дигнитетот на овој Парламент, да се претвора во формите на еднопартискиот политички систем на затворени седници на

политичките елиминации, кадровски, од страна на поранешниот ЦК СКМ.

За причините за разрешување што се дадени доста сиромашно и скормно во оваа Одлука предложена од Комисијата за избори и - именувања како основен фактор се спомнува неусвојувањето на Извештајот за работа на МРТ, лошата материјално - финансиска состојба и незадоволството на граѓаните од програмските содржини во МРТ:

Јас сметам и во тоа сум убеден дека ова се формално поместени причини за покренување постапка за разрешување на генералниот директор на МРТ, а вистинските причини се тоа што генералниот директор на МРТ не е член на СДС. Затоа што генералниот директор на МРТ не е слеп извршител на партиски политички цели во функција на СДС и вистинска причина е бројката 59 во овој Парламент.. Мислам бројката на пратеници од пратеничката група на Социјал Демократскиот Сојуз.

Сметам дека таа бројка ќе даде еден лош придонес и во оваа политичка егзекуција што многу наликува на поранешниот еднопатиски политички систем за кој верував дека никогаш повеќе нема да се врати. Во тоа е моето разочарување поголемо што повторно ми се диктира да расправам за овакви надминати и надживеани појави. Мислам дека таа бројка од 59 пратеници ќе направи уште еден удар на достигнатиот степен на развој на демократските односи во РМ, посебно во сегментот на информирањето, што е многу битен индикатор на парламентарната демократија.

Сметам дека ова ќе биде уште еден прилог таа бројка од 59 да го укомпонира мозаикот на многу други несреќни и лоши работи што во овој период, каде што има за разрешување многу побитни државни и посебно прашања и цели од економијата да се решаваат, се прибегнува кон оваа

сфера каде што преку гласачката машина- од 59 членови и пошироко коалицијата, се преземаат мерки преку гласачката машина, мерки од типот на надгласување за одредени кадровски селекции, како што е случајот.

Третманот што е даден од група пратеници во Комисијата за избори и именувања која што, да ве потсетам има претежно посредничка функција и надлежност на овластените органи по посебни закони да предлагаат одредени членови кои ги именува и избира Собранието, наеднаш од група пратеници е поставено едно крупно прашање за кадровско разрешување што несоодвествува како третман и начин на постапка по значењето, по она што е и функцијата генерален директор на МРТ и тоа што е значајност како сегмент и многу битен фактор на политичкиот систем јавното информирање, што пред се се врши преку МРТ.

Само ќе поврзам во контекст со тоа што значи прокламирање, би се потсетил на изборниот период за независно и објективно информирање. Секоја партија е застапена преку пратеничките групи во Парламентот исто така со големи аргументации се залага барем програмски и во вербалните изјави за независно и објективно информирање. Сметам дека овој чин на исклучиво партиска политичка содржина за преземање мерка- разрешување на генералниот директор на МРТ со него најмалку се докажува дека сме биле исправни, сме биле доследни во нашите заложби и во изборните делувања и во сегашното остварување на функциите во Парламентот дека се залагаме за независно и објективно информирање.

Ќе го спомнам и контекстот на Законот за радиодифузија.

МРТ и нејзиниот генерален директор таму застапуваат токму концепт што значи објективно и независно судство односно информирање во смисла се она што се елементи на државно и

информирање, се она што е поставување на јавното информирање како битен елемент за остварување на слободите и правата на граѓаните како предуслов за остварување на нивните права, да не биде под државна капа, да нема елементи на државен концепт на информирање. Токму за таа работа, токму за тој концепт мислам дека е во колерација со овде спомнатото незадоволство на граѓаните. Незадоволството на граѓаните е токму од моментот на телевизиската такса. Зошто јавно не се каже дека онцептот што сега Владата го предлага, зошто не се каже дека концептот на кој се спротивстави актуелниот раководен и управувачки орган во МРТ да се одбегне тој концепт на државно информирање, на патрноство под државна капа на се она што значи јавно информирање штоп како концепт на Предлогот на закон се нуди и кој што во оној дел што значи незадоволство на граѓаните од оптоварувањето со ТВ - таксата се кажува дека сега ќе се плаќа и за сите други медиуми односно ќе се покрие финансиски преку тој закон целта на позицијата на власта и другите јавни информативни средства преку финансирањето да ги држи под своја капа. Тоа е незадоволството на граѓаните. И, ако ова се земе како причина за разрешување на генералниот директор на МРТ, сметам дека тоа незадоволство на граѓаните пред се треба да се однесува на Парламентот и на Владата, а после на МРТ.

Оваквиот чин на разрешување на генералниот директор на МРТ фактични дава една слика што многу негативно го отсликува степенот на демократијата во државата РМ. Дека тоа значи ретроградно враќање кон старите времиња и кон старите веќе преживеани политички модели.

Од тој аспект сметам дека г-динот претседател на Републиката кој и во изборните ветувања и во Програмата на Сојузот за Македонија,чиј наводно сегашен носител СДС, тоа независно и објективно судство односно информирање со овој чин и те како ќе се загрози. Мислам дека

тоа дава една слика посебно пред меѓународните асоцијации и за самата држава РМ.

Какво сега информирање ќе следува после овој чин? Ние и до сега имавме претежно оптоварување посебно на политичко - информативните програмски содржини со големи пофалби на успеси на актуелната власт. Три четвртини од тие програми беа застапени со визуелни претстави и слики на актуелните министри од Владата. Милам дека се друго што ќе се информира па и за земјоделието во земјоделските општини и за сточарството во ридско - планинските предели и за не знам што се друго, во аголот ќе има слика што ќе симболизира дека и тоа е од одреден актуелен министер на Владата или од СДС и така.

III/1,- ЈМ/ЉР

**ПАНЧО МИНОВ:** (Продолжение)

Мислам дека застрашувачки се последиците и по консеквенциите што можат да се пренесат ако може за ген. директор на Македонската Радио телевизија, тогаш може за секој друг јавен функционер што не е од СДС, па можеби и за секој граѓанин ако не е за СДС, или не е определен итн. Сметам дека тоа дава една многу лоша и застрашувачка атмосфера во живеењето во нашата држава што како бумеранг не дај боже осветувачки може да се враќа, но сметам дека како појава треба најенергично да се сосече и да не се дозволат вакви појави. Констатација може слободно да се нарече дека сега веќе не станува збор после овој чин за МРТ, туку за социјалдемократска радио телевизија и дека овој кандидат што сега се предлага, нека му е со среќа и со чест на ваков начин што ќе дојде за ген. директор, може да се дефинира како партиско политички неопределен, деполитизиран социјал - демократски сојуз, извршител во информирањето преку Радио телевизијата.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги, пак сакам да инсистирам на едно прашање на кое често инсистирам и тоа не од гледна точка на кадровско решение, туку од принципиелна гледна точка. Јавната институција и кадровската политика во нив, мислам дека оваа димензија на нашето постоење и развој натаму ќе биде се поактуелно и се повеќе ќе бара од сите нас на еден продлабочен начин тоа да се проучи. Мислам дека ќе биде лошо, сум го кажал многу пати и сега инсистирам ако во јавноста се создаде сознание, атмосфера и свест за тоа дека ние како Собрание се залагаме за партијност во сите јавни институции.

III/2.-

Сега да ја кажам и другата страна на проблемот. Мене сега ми е тешко да ја бранам г-ѓата Мелпомени и нејзината функција сега во Телевизијата иако многу ја почитувам и како личност и како поранешен раководител на една многу висока културана институција само: затоа што цела јавност знаеше дека таа таму дојде како партиски кандидат. Бидејќи јас сега ова го кажувам како јавност бидејќи во тоа никогаш не сум консултиран. И сега ќе ми биде многу жал ако идниот директор и го носи тој терет постојано при вршење на таа функција како партиски кандидат.

И уште нешто. При расправата идна за вакви функции во вакви институции ќе биде добро да имаме разни мислења и да ги конфронтираме аргументите, но по вредноста на луѓето и по нашите оценки како луѓе, односно како сознанија што ги имаме за нив и за таа област, а не по партии. Лоша услуга сега им правиме и ние што ги браниме и евентуално што ги предлагаме ако тоа оди со по партиска линија затоа што со тоа го ограничуваме нивниот простор за делување и влијание и во куќата и надвор од куќата. И уште нешто, само една реченица. Кога се работи за вакви јавни институции како што се средствата за информирање. Партиите што ќе инсистираат кадровски да бидат со свои кадри внатре, но мислам со кадри кои што на пример се и раководители во самата партија е на нивна штета. Општо е јавно мнение дека помалку се примаат да кажам телевизиските пораки и нивните инсистирање во смисла програмска, еве пораките,во информациите, во емисиите кога се знае за некаква тесна партиска врзаност на човекот кој што таму работи. Еден Берлускони замислете кој е магнат за таа област па конкретно на изборите делумно и за тоа изгуби, бидејќи сето беше партизирано внатре. Но уште нешто сакам да кажам. Таа партија ќе има најголеми успеси натаму во демократските процеси, јас верувам дека ние

сите за тоа се оспособуваме. Јас сега никого ниту фалам, ниту оптужувам. Ние се оспособуваме за тоа, но ќе има најголеми успеси која ќе покаже најголема ширина, поправо во јавните институции за да бидат застапени најспособните и со својата совест најискрените луѓе кои имаат снага вистината да ја кажат независно како кому тоа во моментот ќе му делува, тие партии ќе имаат најголемо влијание, бидејќи со тоа ќе ја покажува сопствената снага за ширина спрема општеството и за способност да се коригира на -критиката на општеството. Јас се надевам дека ова ќе биде во прилог и во евентуалното решение на тоа што евентуално ќе оди и евентуално во прилог на она што ќе биде решение и на работата наша овде како Собрание, а и на нас сите како партиски дејци.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, Слушајќи ги дел од дискусиите кои што се водеа по оваа точка, по оваа расправа и потсетувајќи се некаде пред годинаипол - две кога се менуваше и тогаш директорот на МРТ можам да кажам дека има една сличност во тие дискусии. И тогаш опозицијата кажуваше дека се нарушува демократијата и тогаш кажуваше опозицијата дека се враќаме на мрачните 50-тите години итн., а тогаш дојде на чело на МРТ г-ѓа Мелпомени Корнети тогашен член на Извршниот одбор на Либералната партија, политичка личност со политичко педигре која што никогаш не била професионалец. А сега кога во МРТ се носи професионалец, човек кој што целиот свој век го поминал во новинарството, човек кој што знае што е телевизија, човек кој што го разбира новинарството и кој сигурно дека ќе даде можност на сите оние кадри кои што се осеќаат способни да творат, ќе им даде можност да го прават тоа на еден добар начин. Мислам дека некое повикување на политички егзекуции, повикување, или

бранење на некого со такви карактеристики само дава една лоша слика за оние кои што дискутираат. Сигурно толку многу да се знае што се политички егзекуции се има многу учено на политичките школи на бившиот систем. Јас сум немал шанса да бидам на тие политички школи, но некој бил и сигурно таму добро му предавале како се вршат тие егзекуции.

Јас би рекол неколку зборови што е демократијата. Демократијата е власт на мнозинството. Основна дефиниција.

Г-дине Најдоски не мора да ја покажувате на тој начин вашата некултура.

Што се однесува до демократијата тоа е власт на мнозинството, оној кој што го има мнозинството е одговорен за политичките одлуки кои што ги носи и за власта во тој период што се спроведува. Тоа е вистината. А ако зборуваме за демократија во Телевизијата, дали некој ќе даде овде одговор како преку ноќ без знаење за еден коментар на телевизија, во телевизискиот дневник беше сменет директорот на Телевизијата каде што веќе наредниот ден му беше забранет влез во Телевизијата и решението му беше испратено преку пошта. Дали е тоа демократија? Тоа е она што не можеме ние во некои ситуации да го делиме меѓу едното и другото. Кога некои работи ни одговараат, тогаш е даскратија, кога некои работи не ни одговараат, не се по нашиот вкус, тогаш и узурпација на власа, тогаш е политички егзил, тогаш се политички убиства. Дајте свесно да кажеме дека Либералната партија пред две години ја донесе Мелпомени Корнети како член на извршниот одбор на Либералната партија како политички директор на МРТ, а сега јасно и гласно се носи човек чија професија е новинар.

III/5.-

Тоа е вистината која што не сакате да си ја признаете ниту на самите себеси. Јас сум ги слушал многу од дискутантите што дискутираа пред мене, со многу поголема жар кога дискутираат , со многу поголем елан. Дали сега им е наредено да дискутираат, па нивните дискусии се млаки, нешто не го прават тоа од срце, нешто друго е во прашање. Затоа она што се однесува до ова дали е сменета преку ноќ, или не, г-да овде ние сите сме сведоци, се водеше расправа по Извештајот за Македонската телевизија. Имаше можност секој да се произнесе за демократијата односно за работата на МРТ и тој Извештај беше одбиен од ова Собрание Дали не беше морален чин со одбивањето на Извештајот човекот кој што го правел извештајот да си даде оставка на функцијата која што ја врши. Затоа ве молам да се разбереме, не е ова сменување преку ноќ, туку преку една демократска расправа која што се водеше и се води сеуште во овој Парламент, а дека во тој парламент има мнозинство од една политичка партија тоа е резултат од изборите, тоа е демократијата каде што власта е на мнозинството. И ние сите сносиме одговорност за она што го работиме и за она што го правиме. Свесни сме за се тоа што го правиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Најдовски има реплика.

**СЛБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Со оглед на тоа што беше спомнато моето име г-дине Настоски јас не реагирав воопшто на вас. Не знам зошто вие така реагиравте и мене ме спомнавте. Јас не знам што видовте во тоа за некултура што се насмеав на еден збор, што сакавте да ни кажете што е демократија и јас едноставно се насмеав и реагирав затоа што не сакам од вас лично како еден извршител да слушам што е демократија.  А мое право е дали ќе се

насмеам, или не. Ве молам, јас ве сфаќам вас како човек кој што е вработен во една државна институција, во орган на државата на власта да реагирате на таков начин. Но, ве молам немојте за нешто што и сами не знаете зошто јас и како реагирав да кажувате дали е културно, или не е. Ако едно насмевнување ви е културно, или не, тоа е ваше право.

**JОВАН ЛАЗАР0В:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, Пратеничката група на Социјалистичката партија го поддржува Предлогот на

Комисијата за именувања и ќе гласа за Предлогот за сменување на генералниот директор и именување на нов генерален директор од следните причини:

Прво, како што беше речено, при именувањето на генерални директори на јавните претпријатија тоа е Телевизијата е една од 12-те, сепак постои некој политички договор. Да се потсетиме дека ген. директор на МРТ беше избрана со 61 глас. Тогашната пратеничка група во минатиот состав целосно, односно сите наши 5 тогашни пратеници гласаа за избор на директор. Тоа значи дека постоеше некој политички договор. А знаеме дека за избор се потребни 60 гласа. Меѓутоа по изборот за директор едноставно таа заборави на тој договор и се оглуши на нашите понатаму барања да се спроведе тој договор. По големи притисоци таа го спроведе делот кој што беше отрема другата партија, меѓутоа спрема нашата партија не се поведе тој договор.

Втората причина поради која ќе гласаме е од програмски карактер. Знаеме дека МРТ има три програми од кои што третата програма се гледа само во Скопје, а втората програма од 16 часот до 19.30 е програма на националностите. Значи во внатрешноста останува во тој период само првата програма. Па погледајте во тој период каква

програма се емитува, главно реprизи на Звон и такви слични. Еднаш неделно програма за градовите.

Знаеме дека недела е спортски ден и луѓето сакаат да бидат информирани во недела навечер за спортските настани и сабота се разбира, меѓутоа недела е главниот ден, меѓутоа едни добри три години ние спортскиот преглед го имавме некаде помеѓу 23 и 24 часот на МРТ. Ние што живееме во Скопје можеме за скопските настани да се информираме и од другите две телевизии, меѓутоа тие од внатрешноста немаат таква шанса.

И трета најважна причина од овој програмски дел се тие трибини кои што беа организирани и кои што сега се организираат. Ние долго време не можевме да докажеме дека сме ние парламентарна партија и дека по некоја хиерархија спаѓаме меѓу 3,4,5 партии најголеми во државата, затоа што така е редот. На сите трибини беа редовно повикувани партиите кои што беа надвор од Парламент по некои како го викаат тие кумулативни критериуми, се докажуваше дека партија која пред година дена формирана е поголема партија од Социјалистичка партија која тогаш имаше 5 пратеници. И последните избори докажаа дека сепак социјалистичката партија остана парламентарна група, а тие останаа пак надвор.

И беше спомнато кадровски проблеми во телевизија. Имавме случаи кога имавме промени во недела навечер сменет директорот на телевизија. Не ми беше јасно мене лично причината зошто не можеше да се дочека понеделник сабајле бидејќи таа го имаше тоа право и понеделник сабајле.

И неусвојувањето конечно четврто на Извештајот за работата е една причина за оваа одлука.

III/8.-

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и г-да пратеници, слушам дискусии, мислам за точката на дневен ред и во себе си поставувам едно тешко прашање. Од која партија треба да биде директорот, односно ген. директор на МРТ. Знам, одговорот е, од ниедна партија. Меѓутоа мислам во себе, ген. директор на МРТ треба да биде интелектуалец човек кој знае, кој ги познава работите, но потпрашањето е, можно ли е интелектуалец да биде политички неопределен. Можно ли е? За мене одговорот е, невозможно. Дури и дискретно може и партиски да биде определен. Меѓутоа ние тука кога дискутираме толку тоа транспарентно го кажуваме што тоа не е добро и за личноста која е директор сега и за идниот директор кој се предлага да биде на МРТ. Па понекогаш велам од дискусиите што ги слушам, е па ако е од Либералната партија се настојува да биде од СДС, тогаш не се карајте, нека биде од ПДП. Знам дека и тогаш ќе реагираат веројатно опоненти политички кои ќе кажат па зарем од ПДП да биде. тогаш јас ќе се извлечам некако, ќе кажам, не, албанец нека биде. И да бидеме сериозни до крај. Мораме да сфатиме едно кога се одржуваат избори, од изборите има резултати. Од тие резултати имаме политички партии на власт одговорни за политиката која ќе се води во овој случај во РМ, а РМ има и државна телевизија, државна Радио-телевизија Ве молам како ние ќе ги усогласиме сега ставовите? Кога ќе дојде време тука ако ние расправаме цело време па да се сложат г-дата од СДС да биде директор од Либералната партија. И другото да биде новоименуваниот, односно новоизбраниот од СДС.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Најдобро е ние да се согласиме за едно дека еден дел од коалицијата паѓаше. Тој дел на коалицијата беше Либералната партија. Сега што да и правам јас на госпоѓица Корнети. Ја ценам како интелектуалка дека може да се носи со проблемот што е навистина на чело на едно јавно претпријатие на МРТВ. Затоа што таа во овој случај е жртва на дел од коалицијата која паѓа, ќе оди Мелпомени Корнети. Без разлика да ме прашате мене како Исмет Рамадани. Јас да не бев организиран и пратеник на пратеничката група ПДП јас би останал на тоа да остане и понатаму Мелпомени Корнети. Меѓутоа, невозможно е затоа што политички и партиски сум определен. Што станува понатаму? Можеби грешката е во тоа што тие партнери кои бевте во коалицијата си кажавме и тогаш и сега и го кажавме јавно нашиот договор некогашен. Одиме вака. Од Либералната партија земете го генералниот директор во МРТВ, од овие други партии земете го директорот на телевизија и директор на радио, а вие од ПДП најдете си човек заменик генерален директор. Тоа е веќе јавно. Кажувајте го тоа. Нема што да се крие. Меѓутоа, од сето тоа ние можеме сите да се извлечеме. Па што ако се договоривме. Бевме и сме партија на власт. Се договоривме да имаме генерален директор, но дефакто не значи ние да признаваме и кој може да не натера нас да признаваме дека Мелпомени Корнети е член на Либералната партија или идниот директор е член на СДС. Не е член на ниедна партија, но не можеме ние да навлеземе до крај па каква е политичката определеност на првиот човек на една јавна институција, затоа што тоа веќе е во тоа што е субјективност и во тоа што си има своја определеност. Можеме ли ние да му забраниме ние на човек интелектуалец да нема политичко определување. Мислам дека сите овие работи треба да ги сфатиме и логично и реално, затоа што реалноста е

во тоа што на крајот било што ние да кажеме ќе се изгласа и за новиот и за тој што се разрешува и нормално тука веќе не треба повеќе да се објаснува, друго нешто ќе покаже кој ќе оди, кој ќе остане и можеме да се тешиме само со тоа, да чекаме до наредните избори.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Дами и господа јас мислам дека по оваа точка редно е да кажеме некои наши размислувања, т.е. мое лично размислување и нормална работа е да дадам личен осврт како јас гледам на ова што денеска се предлага. Имено, јас мислам дека денеска нема многу потреба да се аргументира образложението на оваа одлука, од причини што ние имавме една дебата по извештајот за МРТВ каде најголем дел од пратениците ги изнесоа своите становишта во однос на работата на куќата, па сходно на тоа ако го гледаме проблемот од формално - правен аспект, сигурно дека постои подлога за една ваква одлука која денеска е предложена на Парламентот. Ова од принципиелна гледна точка го кажувам, бидејќи обично ако на еден раководител или директор не му се прифаќа извештајот за работа, тогаш нормална работа дека следува или оставка или разрешување. Значи тоа е формално - правна гледна точка и од принципиелна гледна точка. Понатаму мислам дека лично мислам дека и оваа кадровска чистка спаѓа во делот на она што јас пред некое време го нареков градење на партиска држава во Република Македонија. И во таа смисла е и овој предлог што денеска е пред нас за разрешување на досегашниот директор и за избор на новиот директор значи градење на ваква држава во еден сегмент многу битен за целото општество, значи во сегментот на информирање, односно сегментот на манипулирање со јавноста и на јавноста. Причините за оваа денешна одлука и воопшто за работата на МРТВ денеска нема да ги повторувам, стојам на она што го искажав во моето размислување при дебатата за

работата на МРТВ но во оваа прилика ќе изнесам дека ова денеска што се предлага дефакто се предлага од едноставна причина што додека постоеше Лигата за Македонија, значи коалицијата СДСМ, Либерална партија, имавме директор од партиите на власт. Тоа беше солуција која секој пат била во Македонија и која за жал продолжува и понатаму. Распадна Лигата за Македонија и случајно остана директорот од една опозиционерска партија на ова место на кое до денеска е актуелно. Значи ова беше вториот момент. Со предлогот што ние денеска го имаме пред нас, дефакто, се враќаме на првобитната позиција, повторно да ставаме човек од власта. И тука ситуацијата е сосема јасна и нема што многу да се дискутира. Имено, лично мислам дека постојат во Македонија, а и во светот интелектуалци кои воопшто не се политички определени. Таквите ги има во голем број, има такви лица кои се докажани за научници, сигурно и од македонскиот народ и од албанскиот народ и секаде во светот и можеме да се послужиме со голем број примери кои од принципиелни причини не поддржуваат одредена политичка идеологија, ставајќи се над сите идеологии и работејќи во интересот на граѓаните и на народот. Значи постои таков односно таква можност за избор што во случајот не е тоа.

Понатаму, мислам дека со денешниот чин на гласање на оваа одлука кај Либералната партија се појавува една тенденција, односно наметната тенденција која пратениците односно членовите и симпатизерите на ПДП-А, особено па и на НДП се соочуваат откако постои демократска власт во Македонија и против нив во континуитет се води една идејно - политичка диференцијација од демократско руво. И за жал, таа идејно - политичка диференцијација која се води против нашите членови симпатизери сега еве јавноста гледа дека ќе се применува и кон кадровите и личностите на Либералната партија од

причини што еве таа партија е во опозиција во овој Парламент, па затоа во оваа смисла, сигурно дека оваа тенденција воопшто не е за добробит на демократските процеси, нема да остави добри последици, условно кажано за развојот на демократијата и сигурно ќе даде поттик дека утре ако денешните опозиционери доаѓаат на власт со иста мерка да возвраќаат, што сето тоа сигурно ќе го чини ова општество и оваа држава.

Со овој предлог дефинитивно се става монопол над информациите, значи монопол над вистината, односно пласирање на невистина и дезинформирањето на јавноста што сигурно ќе има големо влијание особено во политичкиот корпус кај Македонците, па воопшто и кај целото граѓанство во Македонија. Зошто го кажувам ова. Мислам дека овој потез неслучајно се применува во овој момент. Вие сите знаете дека сигурно за два,три,четири или пет месеци ние ќе имаме локални избори. Па нели пред секакви избори оваа магична кутија, односно телевизијата има најбитно влијание врз мнението на јавноста, односно врз ориентацијата на гласачите. Сигурно колегите од СДСМ оцениле дека немаат многу време за чекање, па затоа денеска ја предлагаат оваа одлука. Нормална работа, после тие избори ќе следат и наредни парламентарни избори и сигурно контролата на магичната кутија е многу битна, па можеби и најбитна од едноставна причина што кој има монопол над информациите, де факто, има монопол над власта и обезбедува во континуитет нешто што можеби реално е во Македонија да му следува.

Понатаму, кога ќе се анализира оваа кадровска промена што денеска се предлага од аспект на програмските видувања на коалицијата ПДП-А - НДП и воопшто од аспект на она што се нуди како програма на Албанците, лично мислам дека ова ќе значи дефинитивно цементирање на двостепената цензура во негативна смисла. Имајќи ги предвид овие

кратки забелешки што ги изнесов, и носејќи се од принципиелни причини дека Никој пат досега ниту како пратеничка група не сме биле воопшто консултирани за оваа работа, ниту за многу други работи, ние по оваа одлука ќе гласаме воздржани.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван господин претседателе, почитувани пратеници, јас би сакал во неколку реченици да го искажам моето мислење во врска со оваа точка на дневниот ред. Имено, Собранието на Република Македонија како основач на МРТ по логика на нештата има право и да врши контрола врз нејзината работа. Овој месец бевме сведоци дека на дневен ред на Собранието беше МРТВ во два наврати, еднаш кога поднесуваше годишен извештај за својата работа и вториот пат индиректно преку новиот Закон за радиодифузија. Во двата наврата не зедов збор, без оглед на тоа што имаше низа причини и јас да истапам на говорница, меѓутоа, овој пат сакам да иницирам една друга работа. Со оглед на тоа што станува збор за разрешување на сегашниот и Предлог за именување на иден директор на МРТВ на еден начин кој што е по малку дискутабилен, меѓутоа логична последица на неусвојување на извештајот на МРТВ би сакал да се осврнам и на тоа дека ова Собрание има и една друга, и треба задача, а таа задача која што за жал недоволно ја извршува да го заштити дигнитетот на новинарската професија и да ги ослободи новинарите од политичките пресии. Зошто тоа го велам. Следејќи ги информативните програми и нашите гласила и радио и ТВ програмата, ќе се види дека новинарите се претворени во трансмитери на политичките ставови на поедини политички партии или нивни репрезентанти. Втора работа дека им е оневозможена креативност во таа смисла, бидејќи се присутни тие пресии, понатаму отсуствуваат коментари, критики, анализи, компаративни модели и тн.

Ваквата состојба во нашиот информативен простор неминовно ја начнува темата за слободата на информативниот простор. Доколку не постои таа слобода на тој информативен простор, господа пратеници, ние немаме демократизација на севкупните односи. Денес на дневен ред ќе биде Мелпомени Корнети, можеби во еден нареден период ќе биде Слободан Трајковски, а во некоја подалечна иднина некој трет. Затоа ќе ве молам, сериозно да се размислиме за тоа како ќе ја оценуваме работата на една информативна куќа.

Македонската радио телевизија како информативна куќа е должна да ги штити државните интереси на Република Македонија. Меѓутоа во склопот на своите надлежности мора да има маневарски простор за да влијае врз демократизацијата на севкупните односи.

Јас би бил многу среќен кога овој медиум ќе биде во ситуација одредена личност од јавниот живот да ја смени, како што се случува во демократските земји. Да има слобода на маневрирање да ги етикетира сите негативни појави без оглед од кој политички субјект доаѓаат и од кој нивен репрезентент, за да можеме да зборуваме за една права демократија. Инаку лично имав причини за незадоволство по однос на тоа како е презентирана турската популација и по минутажа и по термините, обично се даваат термини кои што не се гледаат во 15 или 16 часот попладне, по бројот на вработени, по нивниот професионален ангажман и тн., меѓутоа денес не е на дневен ред. Денес на дневен ред е разрешување на еден генерален директор кој што е именуван од основачот, од Собранието чии што годишен извештај не е прифатен и логично би требало или да се повлече, или да се смени, меѓутоа, дискутабилно е зошто во оваа ситуација на дотичната особа не и е овозможено да присуствува на оваа седница и да се брани од она што на пример се тврди дека не одело вака или онака.

IV/7.-

Доколку би вовеле една ваква практика, сигурно во иднина не би имале проблеми. Да се фрла со дрва и камења, а знаејќи притоа дека новинарската професија е под огромни пресии, тоа ние сите го чувствуваме не држи и би требало ова Собрание да се загрижи за тоа.

V/1.- ДВ/ВБ

**ЌЕНАН ХАСИПИ:** (Продолжение)

Без оглед какви политички интереси има овој или оној политички субјект, дали се избори во прашаше, дали се личности во прашање, дали е оваа или онаа добивка, мораме да се бориме за слобода на информативниот простор. Доколку тоа не го направиме ние многу често во друга констелација на односи ќе доаѓаме во слична ситуација, па сега овој од тие и тие причини не чини и сега ќе го заменуваме со некој друг или некој трет.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би сакал како човек кој многу блиску припаѓа до луѓето за кои денес разговараме, да кажам дека, можеби, најблиску ми е дискусијата до почитуваниот господин пратеник Хисен Рамадани.

Да разговараме за вакви проблеми со една тежина и тие луѓе кои, еве, во кои се сметам и јас да се определи партиски, едноставно е да ја носиме судбината за онаа за што сме се определиле

Почитуваната г-ѓа Мелпомени Корнети е една од најзначајните раководители од областа на културата, која, еве, пред две години се определила и Собранието ја назначи како човек кој припаѓал на тогашната гарнитура што имаше огромен број на мнозинство во овој парламент и како таква, веројатно, да спроведува една политика. Во исто време директор на Телевизијата беше почитуваниот г-дин Слободан Трајковски кој денес се именува за генерален директор и беше сменет тогаш до директор на Телевизија, од една функција, која еве кажувате и припаѓала во таа поделба на СДС. Тогаш дојде почитуваниот Сашо Ордановски за кој и јас исто така не знам дека е член на СДС, меѓутоа дојде како човек кој исто така е еден од најдобрите новинари.

V/2.-

Македонија е мала земја. Ние имаме многу малку луѓе во сите сфери, квалитетни, за да можеме така брзо да ги употребуваме да кажам за една употреба. Во крајна линија ако и до тоа дојде, ние како Собрание, бидејќи сеуште ние одлучуваме за генералниот директор и на многу јавни претпријатија, треба до крај достоинството да се задржи и на оној кој заминува и на оној кој доаѓа. Јас не знам дали во меѓувреме нешто се измени, дали почитуваниот Слободан Трајковски, сега е член на СДС или пред тоа не бил, ја сакам да верувам дека тоа што еден исчекор направи нашата партија со доаѓањето на многу министри, што еве, знаете дека и министерот за култура не е човек со книшка туку еден човек кој го брани дигнитетот на Македонија во многу нешта, дека и ова решение на нашата партија е да дојде човек кој што припаѓа на таа бранша и да го брани она како што треба.

Станав само да кажам дека многу лошо ќе звучи ако и понатаму ние ја оптоваруваме телевизијата да треба да ни разрешува некои не знам, политички прилики, дали тоа ќе биде пред локалните избори итн., туку напротив треба да ја вратиме телевизијата на оние прави вредности. Знаете еве две-три и пет години телевизијата нема играна серија. Ние постојано репризираме. Прави вредности, она што ќе го легитимира, она што се прави во Македонија, она што е најзначајно, она што ги интересира, во крајна линија, сите тие други земји за кои ние тука многу успешно парадираме. Тие сакаат нешто да видат од она што е наше, што е нешто направено, во игра на форма, во документарна форма. Ние наеднаш се заборавивме, Собранието ја има таа задача да му го достави тоа односно да му назначи, преку луѓето кои што раководат, дека таа е правата улога со која треба да се занимава една државна телевизија. Кога ќе стане телевизијата владина, тогаш може таа политика да се води. Кога е државна телевизија, тие прави вредности треба, барем едниот канал треба со тоа да се занимава и тука треба ние

сите критики да ги поставиме, на пример на сите раководители кои биле до денес и на овој кој денес ќе дојде дека е крајно време да се занимава со тоа. Таму има кадри, уметници, таму има луѓе школувани за тие работи. Во крајна линија па не мора секога и директорот, ја сум и секогаш стојам, оттаму да. доаѓа, од луѓето ко се заинтересирани животно, судбински се врзани за таа куќа. Таквите луѓе да дојдат, иако се на пример во тој момент, не знам партиски, не знам, и јас припаѓам на оваа партија па сум директор на Театар повеќе од 16 години. Не гледам дека тоа смета и дека јас таму направив некој партиски театар. Знаете, тоа е тешко време ако нас сите не оптоварува со такви работи.

Ве молам со сиот респект јас ќе гласам и сакам да верувам дека г-динот Слободан Трајковски во меѓувреме не потпишал пристапници заради тоа ние го избираме денес туку човек што еве ќе отвори некоја нова врата или некое ново време на таа телевизија, со тоа што со тоа брзо доаѓање на таа законска регулатива ќе му овозможиме на подобар начин тоа да го реализираме. А сигурно госпоѓата Мелпомени Корнети е и те како значаен човек за македонската култура . Мислам затоа што еве Собранието тоа го прави, веројатно и со некои несреќни таму емисии правени, она го избори правото да создаде револт во партијата која има огромен број на мнозинство овде и едноставно заминува. Меѓутоа, тој е човек кој сигурно ќе постигне резултати во сферата каде ќе се определи понатаму да работи. Мислам дека и е местото во македонската култура. Во таа смисла јас благодарам и сметам дека ние сме должни како Собрание да го почитуваме тоа и да доаѓаат такви луѓе за кои сме ние должни тука ние да кренеме рака и да предложиме да не ги етикетираме, биле ваму или таму, туку напротив да се избори; како нешто што како институции им припаѓа правото да ги прикажат вредностите на македонската држава. Телевизијата и тоа го има не го има само правото

на маркетинг. Ако ние државната телевизија ја претвориме во тоа, тоа е погрешна насока за која односно од која последици би имала македонската држава.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Се извинувам што по вторпат се јавувам меѓутоа морав да дополнам нешто што моментално не го имав во глава.

Прво да кажам дека многу ми се допаднаа некои делови на размислување на г-динот Блаже и тука се наоѓаме на иста позиција.

Кога беше зборувано за демократија, јас зборував и се осврнав на демократијата•како процес. Ова е само еден инсерт, еден детаљ како ние ја толкуваме демократијата. Сакам тоа да биде голема школа и треба да биде поука како за либералите така и за СДС и за сите други.

Јас се осврнав за демократските процеси. Лично сметам дека на секаде се настојува да се вовлечат партиски кадри во државата. Тоа е опасно и тоа мене ме загрижува. И сите нас треба да не загрижи, Ние не смееме да дозволиме во најниските штрафчиња од државата, до најситен детаљ да имаме свои партиски луѓе. Тоа е опасна работа и јас за тоа зборувам.

Оваа смена на директорот го сметам како еден детаљ и како не во ред процедура околу разрешувањето. Не се впуштам кој е квалификуван и не е квалификуван за извршување на една задача, меѓутоа морам да искажам една неправда која беше искажана. Мислам дека Мелпомени Корнети работела во таа куќа и тоа е таа невистина која беше кажана.

Што се однесува до демократијата, тука беше нешто зборувано околу демократијата, јас нема да дефинирам што е демократија, јас би рекол што не е демократија. За мене недемократија е после 50 години се ставаат печати на конците на кондензаторот, променливиот и ви го

запечатуваат радиото да можете да слушате само една станица, да не кажам која е, да не злоупотребувате, да слушате глас на слободна Европа, туку ќе ја слушате таа и таа станица. За мене тоа не е демократија. Не е демократија кога ќе дознаете од своите другарчиња дека татко му е некаде отсутен на подолго. Имаше еден филм мислам беше филмот "Татко на службен пат". Тоа е опасно. Недемократија е кога размислувате и кога ќе ве однесат во полициска станица и ќе ве прашаат што правевте, па размислував. Сега кажи што размислуваше. Тоа е недемократија. Јас зборувам дека со вовлекуваше на било која партија во сите пори на животот, поставување на свои поданици е опасна работа. Изведување на некои процеси, менување, сечење на глави по строго утврден некој рецепт кој го знаеме каков бил, е многу опасна работа. Можеше се тоа да се изведе на многу поелегантен начин.

**АБДИ ФАИК:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, мислам дека на дневен ред имаме една крајно чувствителна материја и чувствителна одговорност пред себеси и пред ова македонско општество заради одредени состојби кои што беа, да речеме пред три - четири години што тогаш направивме, како тогаш се согласивме заради токму оваа многу важна куќа, јас би рекол МТВ како една држава. Не е споредливо баш во буквална смисла, меѓутоа нешто низ етерот да отиде што не е во рамките на она што е законодавно односно систем, би било скрос погрешно, би било скрос девалвирано и последиците би биле многу големи.

Кога зборувавме за г-ѓата Мелпомени Корнети да биде генерален директор на МТВ, во исто време конкурираше г-динот Слободан Чашуле. Меѓутоа, да се разбереме тогаш, многу почитуваниот Слободан Чашуле беше ојд демократската партија и се знаеше кој ќе избереме. И јас

зборував тогаш, Мелпомени Корнети. Дури, опозицијата која беше овде тогаш, еден излезе овде и ме праша еве да речеме на пример дали господинот Фаик Абди ја познава госпоѓата Мелпомени Корнети. Јас перфектно ја познавам и сега ја познавам. Никакво лошо мислење за Мелпомени Корнети немам и многу ми е тешко зошто знам дека внатре во таа телевизија со тие 2.00 0 вработени од кои еден голем дел ги респектирам многу а има и такви кои што ставаат препки, кои што прават се и сешто кои програмите ги пренесуваат без знаење и на раководството и на државата, низ сите континенти. Целата вина за тоа, се знае паѓа на генералниот директор.

Во овој случај, имаше една дискусија од колегата Исмет Рамадани, имаме телевизија, да не речам државна телевизија, дури ми е страм што го викам тоа државна телевизија, телевизијата, јавните гласила, новинарите, тоа треба да биде слободна професија. Ние понатаму ќе узрееме да мислиме малку поинаку за јавните гласила и за новинарите воопшто. Но во овој момент дали може случајно да се појави една асиметричност во односите на државата и телевизијата. Дали е можно, само се прашувам, не тврдам ништо, а тоа значи дека треба да се биде многу внимателен. Нашата телевизија е многу битна, многу важна. Ако некој смета дека таа мегаломански се развива, ние не можеме зградата да ја препововиме сега или некој спрат да скршиме до таму, за да биде не знам каква,им се извинувам на колегите така што зборуваа Јас мислам дека тие што конвертираат со странски делегации и мисии, со амбасадори итн., тие доаѓаат и во ТВ. Тие се воодушевени од програмите на МТВ, иако ние знаеме дека има доста што недостига. Замислете една ваква работа, сега не и оддавам многу големо значење, меѓутоа сепак има значење. Се одржува еден фестивал на една националност

по договор се пишува дека ќе има производство, ќе произведува и аудио и видео касети, овде аудио касетите се произведени, а нема производство на видео-касети. Сега кој е крив. Мелпомени Корнети, сигурно, заради тоа што некој во маркетингот таму си замислил дека треба и вели ајде откупете вие 50 или 500 илјади,незнам колку ми рече, па после ќе произведеме. Има работи кои се наметнуваат.

Госпоѓата Мелпомени како голем познавач на својата работа и знаењето на повеќе јазици, сигурно нема да биде отфрлена така од ова општество. Таа е ценета и ќе биде ценета.- Меѓутоа, ние сме парламент, нашата спона меѓу парламентот и ТВ е определена.

Јас на еден разговор со г-ѓата Мелпомени неодамна, она знаеше дека ќе дојде до ваква промена. Ова не е непознато, ова е познато. Се отиде во опозиција, се знае промена мора да има. Според тоа да не си правиме бајрам со умот, гласањето и власта во овој парламент, народот си ја искажа својата волја, се знае што е мнозинство, се знае што е опозиција. Да кажам во една држава каде што сум живеел надвор до нашата држава има само еден канал на државата. Другите канали се слободни. Меѓутоа за тоа даваат финансиери пари и со тоа пак печалат многу. Ние треба само да ја прошириме телевизијата. Основното општествено влијание и општествената свест кај луѓето се гради преку телевизијата, преку радиото, преку печатот. Уличниот зборување е улично зборување и заради тоа мораме да бидеме свесни што денеска и каква одлука ќе донесеме.

Јас ја примам одлуката на Комисијата за промена. Мора да дојде до промена и го ценам високо предложениот Слободан Трајковски, знаејќи го како еден многу солиден новинар. Со ова не сакам да кажам дека госпоѓата Мелпомени не е солидна, но ова мора да биде вака. Во

овој момент на нас ни треба ваква работа што ќе имаме сигурност во спроведувањето на се она што, тука ние носиме и одлуки и закони и судството сега тука доаѓа на ред. Не заради тоа што ќе имаме опоненти таму во телевизијата. Меѓутоа, што ни треба човек кој, тие што прават шмекарлуци внатре треба малку да ги расчисти, а има шмеќари, има луѓе кои што сметаат. Треба малку тоа да се расчисти.

Еден ден би сакал да узрееме така да немаме, Македонија нас подеднакво на сите нас ни припаѓа меѓутоа дали ќе биде вака или онака дали демократијата со оваа дефиниција или со онаа да го оставиме тоа малку на времето.

VI/1/JJ/лј

**ФАИК АБДИ:** (продолжение)

Русија уште постои, дали е демократија, не знам. Меѓутоа, Бил Клинтон го поддржа тоа. Значи сепак има нешто. Тоа сакав да кажам.

Благодарам многу.

**САЛИ РАМАДАНИ :**

Денеска сакав да излезам на говорница само со една реченица како мото. Ова разрешување не е етички начин. Јас немам никаков интерес, ниту како пратеник, ниту како припадник на албанците, ниту на мојата партија и на мојата пратеничка група да се определувам и да расправам, тука може би колку една најдолга ТВ емисија, затоа што немам никаков интерес личен, дали ќе биде и понатаму оваа г-ѓа директорка на чело на ТВ или ќе дојде некој друг. Меѓутоа, вистината, моралот и етиката не ми дозволуваат да кажам бар неколку реченици.

Значи од самиот предлог, само ве молам погледнете го дневниот ред, на секаде кога има вакви случаи разрешувања или именувања, обично како и секогаш пишував предлог за разрешување на тоа и тоа лице, предлог за именување итн. Погледајте, тука не пишува предлог за разрешување туку само разрешување, а подолу пишува, во другата точка предлог. Тоа значи веќе се е свршено однапред дека мора да се разреши оваа директорка. Значи се знае, нема тука дилеми и да ни е јасно. Се знаат нашите односи со партиите. И било кој да е директор за нас албанците се е исто. Имаме случаи кога со многу задоцнување, не за време на изборната кампања, не потоа, не кога имаме добри дискусии или како партија или како пратеници, туку кога ќе дојде на ред, да не се обука некако пред јавноста па ќе се јави некој да се даде некое интервју на РТВ. И тоа да биде наш гост. Како може да биде гост член на мојата партија, член на мојата група, и јас, кога ние не сме гости, туку за МТВ и тоа на сите јазици и сум разговарал со луѓето, ние сме непријатели. Гостот доаѓа како гост

VI/2.-

Значи против нас е и досегашната гарнитура на чело со директорката на МТВ и оној кој што ќе дојде, нормално ние тука веќе не сме пријатели, да не речам непријатели, барем гости. Затоа не би сакал многу да должам во овој случај, да ви кажам само една работа, како се може после распраќањето, разводот на Либералната партија од Сојузот на Македонија, па има ли логика и понатаму на чело на така многу важен масмедиум, како може да биде Либерал. Тоа никаде не го пишува, тоа се знае. Затоа во оваа држава, на жалост не е нешто во ред. Па што е во ред, за да биде и ова. Затоа ќе требаше белите знамиња да ги тргнете на време вие Либералите и да не дискутирате воопшто. Ако сакате маркетинг само да поттикнувате некои работи, само да се расправа заради расправа тоа може да трае ако треба и три дена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ковачевски:

**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ:**

Мислам дека не можеме да се сложиме во овој парламент ако една кадровска промена во МТВ се користи Собраниската трибина и собраниската говорница за напад од сите оружја да се нападне државата, дека нешто не е во ред во стилот на претходниот дискутант, да се напаѓаат демократските процеси и воопшто демократијата. Сигурно дека демократијата е процес што ќе трае долго време во светот, па и во оваа држава и не ќе може демократијата со декрет да биде прифатена и да биде прифатлива и до крај за сите и за секого. Затоа јас сакам да реагирам, пред се, за она што демократските процеси и во општо демократијата во информативниот процес, во информативниот простор, слободното новинарство, амблок се напаѓа, а не сакаме да ги зачуваме сопствените вредности што се постигнати во оваа држава, во оваа Република, и со кои^можеме да бидеме горди.

За какви недемокртски процеси, за какво неслободно новинарство, зборуваме кога во Македонија постојат покрај ова што сите ние ја викаме државна МТВ, нека биде и државна, постојат најмалку 24 приватни ТВ станици кои што имаат свои критериуми на новинарски програми, говорења и тн. Постојат, не сум сигурен али сум чул преку 290 приватни радио станици. Какви такви, импровизирани или не, меѓутоа Никој не ги контролира како што не ги контролираат и другите ТВ приватни станици. Постојат не знам колку и добро е што постојат и јас се гордеам како граѓанин на оваа држава и како членови и припадници на овој парламент да кажеме дека и овој парламент овозможил такви демократски процеси во информативниот простор да се случуваат во Република Македонија и зашто ние тука сакаме по секоја цена и по секој повод да напаѓаме дека во Македонија баш ништо не е во ред. Е па тоа мене ми се чини, сепак претерано и со тоа не би требало да се согласи ниту овој парламент ниту граѓаните на РМ. За среќа не е така. За среќа демократијата во Македонија бележи крупни чекори и јас мислам дека ако, ненормално е ако меѓународните мониторинзи Стразбург, европскиот човек, велат и констатираат, на лице место констатираат тука дека демократските процеси во Македонија бележат голем пораст, раст и движење напред. Ние тука, од оваа говорница да ги негираме сопствените вредности и да велиме дека во оваа држава ниту новинарството е слободно ниту демократијата оди напред. Јас сакав само како интервенција по сопствено убедување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Интервенција, али лоша, неумесна интервенција. Ако треба да се зборува за демократија може цел ден да зборувам. Ако некој овде ми

ми држи лекции исто така можам да му возвратам како бумеранг ако треба. Меѓутоа, не излегов да кажам дека во држава Македонија нешто не е вред. Држава сме ние сите. Вие знаете кој е суверен. Јас не еднаш сум кажал и да не повторувам заради било кои причини заради вжло кого тука и вон парламентот, туку држава сме сите ние. Држава е народот, држава е земјата во овие граници и граѓаните. И не би рекол дека јас сакам повеќе од вас, туку ниту дозволувам некој од вас да ја засака повеќе, било кој. Друго е тоа власта, трите наши власти против кој сум. Се знае зошто сум против, и какви се и тоа се знае. Да се зборува за оваа телевизија и колку да беше демократска а не очекувам нешто подобро во иднина, туку уште полошо, па затоа се знаат односите какви се. Само минатиот пат кога разговаравме за предлогот за донесување на законот за територијална поделба. Па ова МТВ го прекина тогаш директниот пренос кога се јавивме ние двајца од нашата група и тоа лично јас. И тоа не е наместо, не е без некоја позадина, затоа не сакам за сето тоа што се случува посебно за овие две години да кажам како работеше МТВ и тоа и на албански јазик, значи против албанците, против мојата партија, против мојата група, и против мене посебно. Мислам дека тоа го знаете сите вие во каков негативен контекст кога не даваат или да речеме само вечер ако зборуваат или дискутираат 20 пратеници, ве молам погледнете, само еден број 20 пратеници, па и албанците ги спомнува и тука една година само едно име. Тоа не е без позадина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Ние можеме за себе за состојбата со демократските процеси во нашата држава, за слободата по информирањето и тоа дали се врши притисок врз медиумите или не, да мислиме што сакаме. Меѓутоа, сепак

треба да дозволиме за тоа оценки да даваат надлежните меѓународни институции, како што е Советот на Европа, а ќе ве потсетам на оценката на Советот на Европа при приемот на Македонија во Советот на Европа дека заостануваме во уредувањето и развојот ва јавните "медиуми, дека тука треба да направиме голем чекор напред.

Во таа смисла исто така би ве потсетил дека токму г-ѓа Мелпомени Корнети има од тие Европски надлежни институции добиено многу пофалби и високи признанија за начинот на водењето на МТВ . Исто така, повикувајќи се на старото правило дека апсолутна вистина не не постои, мислам дека направивме голема грешка денеска што расправавме за една вака суптилна материја на ваков начин, со предлог на одлука,а не со интерпелација, неовозможувајќи и на г-ѓа Корнети низ една аргументирана расправа да ги изнесе и своите видувања, својата вистина, да одговори на вашите аргументи, за да може на тој начин да се стекне вистинска слика за состојбата. Вака испаѓа дека тука можеме да етикетираме, да зборуваме, да напаѓаме а да не му дадеме на тој што го напаѓаме, шанса да ги изнесе неговите видувања и аргументи, што остава лоша слика за сите нас, затоа што се прашувам, кој утре од интелектуалците во Македонија ќе се нафати да биде раководител на врвни државни институции ако со нив се пресметнуваме на ваков начин, затоа што за брзо време, може би, ќе се смени мнозинството во овој парламент, па слична судбина ќе доживеат и овие што денеска ги избираме, веројатно од некое друго мнозинство што трајно остава лош белег за начинот на кој ние ја градиме демократијата во Македонија.

Јас мислам, дека не само на сите вас туку и на целата македонска јавност сега и е конечно и дефинитивно јасно кои се вистинските причини за разрешувањето на генералниот директор на МТВ. Впрочем, тоа и вчера г-динот Наќе Стојановски јавно го кажа на матичната комисија и

денеска беше изнесено. Првата и најважната причина е што г-ѓа Корнети била член на Либералната партија и втората причина што се приближуваат претстојните локални избори, веројатно и парламентарни избори, па не сакате да оставите на случајност, во таа важна радиодифузна организација во Македонија, да бие човек што не можете да го контролирате.

Исто така, би сакал на аргументите изнесени од претставниците на партијата на демократски просперитет и на Социјалистичката партија дкеа г-ѓа Корнети не ги исполнила обврските кон нив, да кажам дека г-ѓа Мелпомени Корнети не сакаше да биде генерален директор на МТВ, дека беше убедувана да ја прифати таа функција, дека беше избрана некако припадник на Либералната партија туку како стручен, докажан човек, кој има големо педигре зад себе и дека поради тоа не чувствувала никакви обврски ниту спрема социјалистичката партија ни спрема партијата за демократски просперитет.

Најголем аргумент во нејзина одбрана се оценките дадени и од Комисијата за политички систем, и тоа што не беше спомнато во расправата при усвојувањето на извештајот за работата на МТВ дека не беше изнесен ниту еден аргумент кој би одел во прилог на нејзино обвинување за наводна пристрасност во уредувачката политика во МРТВ. Тоа двојно добро говори и за неа лично и за тоа што тоа и е страно да подлегнува на притисоци од било кого, па и од својата матична партија. А добро зборува и за Либералната партија, затоа што се покажа дека има кадри кои може да се нафатат да водат важни државни институции, без притоа, слепо да робуваат на партиските влијанија и партиските притисоци.

Исто така, на крајот би сакал да кажам дека г-динот Настевски дали во жарот на својата дискусија или од несмасност изнесе една дебела навреда за сите досегашни добитници на високо почитуваната награда "Крсте Мисироков",обвинувајќи ја Мелпомени Корнети дека никогаш не

била професионалец. Дали тоа значи дека сите добитници на наградата "Крсте Мисирков" не се професионалци, затоа што г-ѓа Мелпомени Корнети е добитник на таа награда, баш како професионалец. тоа е навреда и за луѓето што ги сочинувале одборите при доделувањето на таа~награда, како и за добитниците на наградата Крсте Мисирков.

Исто така, на крајот да кажам односно да ве потсетам вас и јавноста дека новопредложениот кандидат за генерален директор на МРТВ, токму по ваше барање и баш со ваш благослов беше сменет од функцијата директор на Македонската телевизија во пакет со тогашниот директор на Македонското радио Слободан Чашуле. Дали ова значи дека вие го рехабилитирате, со овој чин што сега го предлагате да дојде на уште повисока функција, генерален директор на МРТВ, или пак се работи за некој пазар, не ми е јасно. Времето ќе покаже. Меѓутоа ќе потсетам дека имавме како пратеници, Собранието, чест и прилика,првпат да гледаме за работата за МРТВ, а човекот што се предлага и луѓето кои претходно ја водеа МРТВ, кои и покрај обврската да даваат годишни извештаи за работата на МРТВ, изгледа дека напредуваат, стануваат, амбасадори или нови генерални директори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Настоски.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Јас се извинувам ако некој погрешно ме сфатил кога реков дека не е професионалец, мислев на новинар - професионалец во континуитет. Воопшто не мислев на ништо друго

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дионот Коцевски за реплика.

VI/8.-

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Немој да се каете сега г-дине Нстоски, влегувате повторно во друга грешка, ако не знаете, информирајте се. Г-ѓата Мелпомени Корнети е угледен новинар од обласна на културата во континуитет, -долг период наназад.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот СТанковски.

**ВЛАДИМИР СТАНОКОВСКИ:**

Јас само една исправка, мислам дека во контекстот на демократските процеси, размислував за сосема нешто друго од претходниот дискутант. Воопшто не спомнав за новинарството или за слободното новинарство. Таква оценка за слободното новинарство даде Чокревски, актуелниот министер за внатрешни работи и после него се е декласирано.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи Никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на гласање.

Кој е за предлогот Мелпомени Корнети да биде разрешена од функцијата генерален директор на Радио-дифузното претпријатие МРТВ, молам да крене рака?

55 пратеници гласаа за.

Дали некој е против?

18 пратеници се против.

Кој се воздржува од гласање?

5 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека г-ѓа Мелпомени Корнети е разрешена од функцијата генерален директор на РАдиодифузното претпријатие МРТВ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој, е за предлогот Слободан Трајковски да биде именуван за генерален директор на Македонската радио телевизија, молам да крене рака?

58 пратеници се за.

Дали некој има против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање?

18 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Слободан Трајковски е именуван за генерален директор на радио-дифузното претпријатие МРТВ.

На новоизбраниот генерален директор на МРТВ му посакувам успешна работа.

Минуваме на **точката 9** – Предлог за разрешување на судија на Општинскиот суд во Куманово.

Предлогот на Републичкиот судски совет Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, би замолил претседателот на Судскиот совет, бидејќи денеска добивме еден поднесок од г-ѓа Љубинка Јакимовска судија при Општинскиот суд Куманово, мислам она е на дневен ред за разрешување и кога го прочитав незиниот поднесок една реченица ме донесе до заблуда,

едноставно ценејќи ја професијата судија не би сакал да добие етикета самата професија, ако станува збор за нешто друго што ние не го знаеме. Со самото дигање на рака да се разреши тој судија, ценејќи го мислењето исто така на Судскиот совет не би сакал да сносам некоја одговорност во~себе дека "сум направил нешто што не треба, а не сум знаел веднаш што е направено.

Конкретно овде пишува, иако јас чекав да добијам известување од нивна страна, мислејќи најверојатно од Судскиот совет и "надевајќи се на една законита постапка сметав дека претходно ...", дека ќе ги сослушаат двете страни. Претпоставувам дека судскиот совет имал во предвид сите тие работи и би Ве молам малку да ни помогнет и нас бидејќи со самото дигање на рака за разрешување тој судија ќе носи понатаму етикета дека е сменет за несовесно работење и слично. Би молел ако може нешто поконкретно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, морам да кажам дека денес го добив овој поднесок од г-ѓата Љубинка Јакимовска. Точно е дека кај никого од нас се нема обратено, ниту за помош ниту за разјаснување на работите кои се поставени од Републичкиот судски совет меѓутоа читајќи го поднесокот, читајќи го она што го има дадено Републичкиот судски совет лично како човек доаѓам до една дилема за да можам да се одлучам да гласам за, против или ,да бидам воздржан од проста причина што изнесените работи за работењето на оваа судика од страна на Судскиот републички совет и изнесените работи во подавката од страна на г-ѓата Љубинка не знам дали некого од нас овдека не дове-

дуваат до иста дилема како што го довела и претходниот дискутант г-динот Чадиковски. Навистина е многу тешко да одлучиме овде за судбина ако ја погледнеме податката, да не навлегувам во правните работи бидејќи не сум правник, меѓутоа сите пресуди се од Општински суд. Никој од заинтересираните странки не поднел обжалителна жалба до повисоките органи туку сите тие работи одат по еден друг канал, канал кој го нарушува и тајноста во судството. Сега се прашувам дали тој ВД директор кој е таму претседател на судот треба да биде избран за судија, бидејќи тој е предложен од Републичкиот судски совет на листата на судиите и морам да кажам дека аргументите и од Републичкиот судски совет, ама и аргументите од самиот подносител се доста документирани и не доведуваат во една недоумица со напомена дека сабајлево од група судија сум замолен на парламентот да изнесам дека помеѓу колегиумот во Куманово нема одржано состанок и нема дадено никакво мислење по однос на Љубинка Јакимовска.

Станав само ова да ви го пренесам, а јас морам да кажам дека навистина не сум ни за ни против, ќе се воздржам, ќе побарам и на оваа г-ѓа Љубинка Јакимовска и се овозможи барем еден одговор на поднесените оптужби, приговори, од страна на некои до Републичкиот судски совет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Тихомир Велковски, претседател на Републичкиот судски совет.

Почитуван претседателе, дами и господа, почитувани пратеници, пред се морам да кажам дека лично мене, а мислам дека со сета одговорност можам да кажам и на сите членови на Републичкиот судски совет оваа постапка многу тешко ни паѓа. Во краен случај ако не друго

барем ние, или дел од нас беа тие што ги ствараа тие кадри, кои кадри еве денеска се надевам дека ќе почнеме некој од нив да избираме за судии, кои кадри ќе ги изберете за претседатели на судови,а еве за жал за некои од тие кадри треба и да се соочиме со нешто што навистина е тажно, само да се помисли, а камо ли да се поведува постапка и да се даваат предлози.

За она што е утврдено од наша страна, за она што значи непобитност ќе си дозволам да не кажувам овде бидејќи тоа се работи многу, така да кажам значајни само за нас и за личноста за која се работи и мислам дека по однос на тоа не би требало да се има сомнение.

Впрочем, овде се искажа со право, се разбира, мајки го предвид поднесокот од судиката сомнение за постапката околу донесување на предлогот за да се разреши иновинираната судика од должност.

И во самиот наш предлог стои овде, а со тоа мислам дека одговарам и на првото поставено прашање, вели дека "Републичкиот судски совет посебно ги ценеше наводите изнесени од именуваната од нејзиното изјаснување". Јас мислам дека ова доволно зборува дека она согласно нашите правила содржани во посебен правилник, кој што посебен правилник определува и постапка и начин на водење постапка, значи со посебна група, со посебни увиди, со посебни прегледи, со зимање изјави конкретно од судиката, од судот вршен увид непосредно во предметите па после утврдувани се фактите и врз основа на утврдените факти определена е групата која што треба да ја изготви одлуката, која што одлука е достапна и на именуваниот судија, и на судот каде што работи и на Врховниот суд. Значи, во однос на тоа ја сне би сакал повеќе ништо да кажам, само да кажам дека тука се во прашање прецизни регулативи, кои што прецизни регулативи Републичкиот судски совет ги испоштува.

VII/5.-

Сакам да кажам само толку дека за да ова постапување, кога е поведена постапката, затоа што постапката имаше неколку фази врховниот суд на Република Македонија предложи суспендирање на именуваната судика. Така е по законот на судовите и она е суспендирана од функцијата судија. Што значи не е ова така едноставно, по нејзин ќеиф направено туку тука е инкорпориран и Врховниот суд со стручниот колегиум, општата седница на Врховниот суд со нивното стручно мислење. Исто така, впрочем и стои тука во нашиот предлог дека има мислење, меѓутоа не мислење како поединечно, туку извештај од судот каде што работи. Во тој извештај покрај другото ставени! се, покрај ова што е значајно во врска со самиот предлог, самите повреди што ги направила судиката, ставени се и некои нејзини однесувања во однос на странките во однос на другите службени лица и во однос на самата работа.

Јас само толку, а за она што е утврдено ќе си дозволите да си го задржам тоа за нас со тоа што се надевам дека ќе имате доверба во она што ние го утврдивме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи Никој не бара збор го заклучувам претресот, предлогот го ставам на гласање.

Молам,кој е за предлогот , молам да крене рака?

53 пратеници гласаа за?

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?

15 пратеника се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Љубинка Јакимовска е разрешена од функцијата судија"на Општинскиот суд во Куманово поради нестручно и несовесно вршење на судската функција.

VII/6.-

(Со седницата продолжи да раководи г-динот Блаже Филиповски)

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Преминуваме на **точката 10** - Избор на претседатели на Апелационите судови во Скопје, Битола и Штип.

Предлогот на Републичкиот судски совет Ви е доставен.

Отворам претрес

Молам, кој бара збор?

Има збор Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денес имам три кратки дискусии, ова е втората, најверојатно .

Во последниот пасос на овој предлог се вели: "Предлог - жените кандидати за претседатели на апелационите судови во Скопје, Битола и Штип во досегашната работа се афирмирале со висока стручност квалитет, совесност, сестрана ангажираност, достоинство и морални квалитети..."

Се може да е врет, меѓутоа во Република Македонија е присутен еден многу релевантен, важен елемент, една голема популација ако не е случајно дефакто поголема, тогаш не е многу ни помала која се вика албанска. И за оваа популација треба да се дели исто така правда треба да и се суди и тоа како да и се суди и осудува често пати неправилно, незаконско како што се случуваше во минатото, а на жалост и во денешно време.

Со овие предлози можеби се е во ред само што ниеден од тројцата предложени кандидати за претседатели на трите апелациони судови во Скопје, Битола и Штип, ниеден од нив не е од редовите на албанскиот народ во РМ. Затоа не е случајно што ние пратениците албанци бевме едногласни за основање на апелационен суд во Тетово, Гостивар или Кичево. И денеска еден од претседателите ќе беше секако облигателно албанец.'Затоа не се согласувам и не само што нема да гласам туку нема да бидам неприсутен во Собранието, во собраниската сала кога ќе се гласа, за да не се надгласува, но затоа нема да сносам никаква одговорност за последиците и тоа многу тешките последици кои ќе произлегуваат и од ваквото дискриминаторско однесуваше на актуелната власт на РМ према албанците.

**ТИХОМИР ВЕЛКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, јас накратко, без нешто да објаснувам, не е лошо да чуе и почитуваниот пратеник што ќе кажам.

Знаете дека конкурсот беше објавен и за претседател. Немаше ни еден од албанска народност, така да не можеше да биде предмет на разгледување.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не можам априорно да претпоставувам дека некој се јавил или не, само за време на монизмот, комунизмот сепак имаше некој клуч. Тој не чинеше и добро е што отиде, ама ова демократија нека не ни чини и затоа нека оди што побрзо. Значи, нема логика другари, пријатели комшии, какосакате од овие три суда да не биде ниеден албанец. Значи логиката е тука во прашање, реков треба да им суди и на лабанците и ќе биде нешто неубаво да знаете за моралот на оваа Република.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи Никој друг не бара збор го заклучувам претресот

Минуваме на гласање.

Кој е за предлогот Ленче Софрониевска да биде избрана за претседател на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?
74 пратеници гласаа за?
Дали е некој против?
3 пратеници се против?
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот Ленче Софрониевска да биде избрана за претседател на Апелациониот суд во Скопје е прифатен.

Предлогот магистер Божидар Кочов да биде избран за претседател на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека магистер Божидар Кочов е избран за претседател на Апелациониот суд во Битола.

Предлогот Трајчо Пуздерлиев да биде избран за претседател на Апелациониот суд во Штип го ставам на гласање?

73 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање?

Констатирам дека Трајчо Пуздерлиев е избран за претседател на Апелациониот суд во Штип.

На избраните претседатели на апелационите судови им го честитам изборот и им посакувам успешна работа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Преминуваме на **Единаесеттата точка** - Избор на судии во основните судови.

Предлогот на Републичкиот судски совет ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ**

Не може баш, така лесно да се помине, не. И со Предлогот за избор на судии во основните судови (27), во РМ се повторуваат апсурдите на бескрупулозната дискриминација на албанците во континуитет,која води до најекстремноста на гетоизирањето на оваа голема популација на овие етнички простори. Ова се повторува со непобитни аргументи и со самата слика, со самата предложена уста на кандидатите за судии на основните судови во западна Македонија, северозападна и југозападна Македонија, каде албанците живеат како многу важен елемент во мнозинство во летиден број или пак прилично и во голем број.

Од целата дискусија односно од целиот материјал сликата на компарацијата на Предлогот за избор на судии во основните судови во РМ , каде живеат албанци: Основен суд Скопје I, од предложени судии кандидати 81, македонци 79, албанци ни еден, други двајца; Скопје II 86, македонци 75, албанци еден други ниеден; Тетово од 32, 20 македонци, 12 албанци, други ниеден; Гостивар од 2о предложени кандидати 15 македонци, пет албанци, други нула; Кичево од 17 предложени кандидати македонци 12, албанцки четири, други 1; Струга од 17 предложени кандидати 13 македонци, албанци тројца и еден од другите; Куманово од 31 предложен кандидат, македонци 29, албанци двајца,

други ниеден; Дебар од седум кандидати тројца македонци, четири албанци, други ниеден; Крушево од пет предложени кандидати македонци тројца, албанци ниеден, други двајца; Охрид од 20 кандидати 19 македонцки , албанец ниеден и од другите ниеден; Битола од 32-кандидати 31 македонец, други еден, албанци нула; Ресен од пет кандидати, пет македонци од другите ниеден; Прилеп од 2 7 кандидати 27 македонци од другите ниеден и од Титов Велес од 19 кандидати нема ниеден од другите, сите се македонци. Вкупно од предложени кандидати 389,331 се македонци, 31 албанец и седум други.

Оваа слика зборува сама за себе и не треба никаков поопширен коментар. Уште поконкретен исто така драстичен пример имаме со предлогот за избор на судии на Основниот суд во Кичево, во чија листа на 17 предложени кандидати за судии, само четири од нив се од редовите на албанците, додека се знае колку е поголем и неточниот службен процент на албанците во оваа општина. Нормално ќе требаше да биде обратно, 12 судии албанци, четири македонци и еден од другите национални припадности.

Покрај четирите предложени кандидати за судии во Основниот суд во Кичево, Ахмет Рушити , Абдула Лимани, Љазам Љазами и Неџат Елези, колку ми е познато, конкурирал и адвокатот Јунус Мехмети, а можеби и некој друг и некои други, меѓутоа, незнам заради кои причини не е предложен или не се предложени. Иако добиени по многу тешки услови, со четири пати затворени албански паралелки при Гимназијата "Мирко Милевски" во Кичево, сепак албанците имаат доволен и тоа многу добар и потврден кадар, како што се предложените и за судии на Основниот суд. Меѓутоа, некои од нив се истерани на разни начини од Кичево и треба да се враќаат. Ако се има колку толку, малку расположение, до некаде да се исправи оваа грешка, да едм околу 10 места за судии на Основниот суд во Кичево, да не се пополнуваат и да

се резервираат за албанците. За оваа полза, предлогот за избор на судии на Основниот суд во Кичево, како и за некои други основни судови на РМ да се одложи за една од наредните седници. Во спротивно и во знак на најостар протест не само што не гласам за ниеден од предложените кандидати за судии на Основниот суд во Кичево и други, туку ќе побарам да не се согласуваат и да се повлекуваат и овие четири предложени и многу добри кандидати, а за последиците на овие прилики не сносам никаква одговорност, ниту присуствувам на самиот акт на гласањето , односно мајоризацијата т.е. надгласувањето на механичката гласачка машинерија.

На крајот, колку ми е познато, расположението на албанското население во кичевската општина и во оваа сфера, албанците нема да дозволуваат да им делат правда односно неправда другите, туку само албанците и тоа целосно на нивен албански јазик.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги и гости, во врска со Предлогот што е пред нас на одлуката и она конкретно што се однесува за Кичево, а во интерес на јавноста, морам некои работи да ги изнесам.

На конкурсот за судии од Кичево беа поднесени 32 молби, од кои 17 одат на листа, 15 отпаѓаат. Од тие 15 што отпаѓаат, 14 се македонци, еден е албанец, односно од 32, пет конкурирани, или четири се на листата односно90%.

Друг факт кој може да се изнесе е дека од општината од која доаѓам јас македонец немаме во повисоките судски инстанци ниеден. Напротив, имаме тројца албанци, во судскиот совет, член на Врховен суд и во Уставен суд. Ако го гледаме овој сооднос, ќе видиме дека комплетно

од оваа сфера, од правната сфера во доменот на судството, од кичевската општина од македонците воопшто не сме застапени што во краен случај и тоа не смета, веруваме во луѓето кои се избрани, ако се од албанската националност и ги застапуваат пред се интересите за она" за кое што се определени и функцијата ја вршат. Ова реков во интерес на јавноста , бидејќи за она што беше изнесено претходно апсолутно дека не држи.

Уште еднаш да го повторам тоа дека пет. души од Кичево албанци конкурирале на овој конкурс, од кои четири односно 90% се влезени во оваа листа од'17, за разлика или наспроти тоа 14 кандидати за судии македонци не се избрани.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Претходниот дискутант изгледа дека е од Кичево, а јас не го познавам воопшто. За тоа има доста причини, а за овие две години уште еден пат ни се јави на сличен начин, значи бараше реплика и обично не сум за реплика, не сакам . Меѓутоа, да му кажам кога веќе ја побара. Не треба да барате со бројки, со манипулации, јас тоа го кажав зошто и како треба да биде. Не знам колку конкурирале, за тој еден сега се потврди дека сум во право, значи тој еден не е примен, значи петтиот. И тоа не е доволно.

Само на овој пратеник, а кој е пратеник од Кичево, да му кажам една работа. Најмалку според последниот попис на жителите од 1994 година, иако албанците го негираат дека не е праведен, сепак за прв пат во Кичево во тој службен износ албанците се со 52,6%, а македонците со 39 и нешто проценти. Значи, јас сум пратеник бидејќи ги претставувам во прв ред албанците, а не само нив во Кичево па и повеќе од тоа за 52,6% јас сум пратеник од опитрната Кичево а претходниот дискутант, заедно со уште една пратеничка, заедно имаат 39 жители во општината Кичево.

Претходниот дискутант зазема второ место, место на албанец пратеник во општината Кичево и не сакам понатаму да води никаква полемика ни реплика ни разговор. Тоа само за себе зборува доста, тој аргумент и ништо повеќе. Да сум на неговото место ниеден ден не би бил тука, би оцрнил едноставно, ништо повеќе.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Наумоски.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Бидејќи бев спомнат, само ќе спомнам дека јас сум пратеник на изборна единица 29 од Кичево, ги застапувам интересите и на македонците и на албанците и на турците, бидејќи од нив добив гласови.

А колегата ако не ме познава јас би рекол напротив, тој подолго време нема живеено во Кичево така што и нормално да не се познаваме.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа, еве, јас излегов без никакви податоци затоа што кога би излегол и со напишани податоци од тоа што ние добивме како предлог од Судскиот совет, тогаш би требало да ја повторам дискусијата која ја имав некогаш кога расправавме за апелационите судови. Очигледно е дека како пратеничка група во овој Парламент не сме задоволни со застапеноста на граѓаните државјани на РМ албанци во основните судови. И од тоа што ние го добивавме односно го имаме како предлог, јас мислам дека добро е што постојат механизми , начин и методологија каде што може нешто да се исправи, иако и тогаш реков во мојата дискусија и апелирав и до Судскиот совет дека се до таму каде што нивниот збор значи многу, нивното гласање во

